- Соработка со дефектолог, подготовка, изработка и увид во индивидуалните образовни програми, ИОП за учениците со посебни потреби од страна на наставниците;
- Функционирање на училиштниот инклузивен тим во рамките на нашето училиште;
- Постојана опсервација на часови (инструмент за опсервација, за тоа како се распределени активностите, дали се планира за секој ученик, дневни цели и активности, како и времето кое е соодветно планирано за активностите);
- Водење евиденција, следење и анализа на напредокот на учениците со посебни потреби, од страна на наставниците и инклузивниот тим;
- Вклученост на наставниците и инклузивниот тим во обуки, семинари, практични работилници и различни активности во училиштата, насочени кон подобро разбирање на инклузивното образование и јакнење на капацитетите на училиштата за учениците со посебни потреби;
- Посета и учество во соседни училишта, со цел подигнување на свеста и прифаќање на инклузијата во училиштата;
- Јавни настапи, приредби и активности, преку кои е заземено учество и вклученост на дечињата со посебни потреби, за прифаќање и другарување со истите;
- Постојана соработка и целосна ангажираност и вклученост на родителите, на дечињата со посебни потреби со дефектологот, училишниот инклузивен тим и наставниците;
- Изработка на стратегии и консултации со стручниот и инклузивен тим за успешно спроведување и подобрување на процесот на инклузија кај учениците со посебни потреби, во нашето училиште;
- Подобрена функција на училишниот инклузивен тим, кој систематски работи на прашања, поврзани со инклузијата и на воспоставување на процедури во решавање на проблемите на истите;
- Подобра работна клима и соработка помеѓу учениците и учениците со посебни потреби;
- Целосна ангажираност и вклученост на учениците со посебни потреби во наставата, во воннаставните и слободните ученички активности, во соработка со дефектологот, училиштниот инклузивен тим и наставниците;
- Издигнување на свеста кај целиот стручен кадар, кај родителите и наставниците, преку заедничките практични работилници, повеќе јавни собири, преку кои е исполнета единствена цел прифаќање и почитување на разликите помеѓу учениците со посебни потреби;
- Хуманитарни организации, донации и акции, во соработка со наставниците, учениците и родителите за социјално загрозени семејства, ученици на кои им е починат родител/старател, како и за потребите на училиштето (реконструкција, реновирање, снабдување со потребни материјали и средства);
- Реновирање на централното училиште ( кров, фасада и дел од ентериерот), како и доградба на училиште;
- Зголемен библиотекарен фонд (дополнителни лектирни изданија, нагледни средства, глобуси, географски карти, итн);
- Одржување еко активности, многубројни приредби, спортски настани и натпревари;

**Слаби страни:**

- Нема доволно финансиски средства за наградување и потикнување на учениците и наставниците за постигнување на повисоки резултати;
- Недооформена мрежа за (информатичка) комуникација – се уште постојат работни единици кои немаат достап до интернет и компјутерска опрема. Проблемот донекаде е олеснет со тоа што кадарот користи интернет во сопствениот дом за проверка на електронската пошта и слично, но тоа не може да се смета за соодветно решение за училиштето. Во дел од училниците се оштетени приклучниците за поврзување со кабелски интернет. Во дел од училниците нема достапна безжична интернет конекција.
- Застарена компјутерска опрема во централното и подрачните училишта. Се користат компјутерите добиен од проектот ″Компјутер за секое дете″ кој користи оперативен систем Линукс/Едубунту кој е застарен и не овозможува интернет конекција, ниту пак овозможува да се реализира предвидената наставна програма по информатика. Бројот на компјутери ниту приближно не ги задоволува потребите за индивидуална практична работа на учениците на компјутер. Подрачното училиште не располага со проектор за реализација на наставата, а проекторот во централното училиште е со слаби перформански.

**Анализа на резултатите:**

Податоците за постигањата на учениците континуирано се следат и анализираат. Од статистичката обработка на податоците се изготвуваат анализи и писмени извештаи со препораки за подобрување на постигањата и помош на учениците кои послабо напредуваат. Успехот на ученикот по наставни предмети ги утврдува одделенскиот совет, а родителот на ученикот се информира преку евидентен лист. Училиштето ги анализира постигањата на учениците кои се оценуваат описно и учениците кои се оценуваат нумерички (според пол и етничка припадност), а деталната анализа е дел од училишната документација. За учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставната содржина се реализираат часови за дополнителна настава. Учениците кои покажуваат поголеми способности и напредок во воспитнообразовниот процес се реализираат часови за додатна настава, според интересите и можностите. Напредокот во постигањата на учениците го следат одделенските раководители и стручната служба, тие навремено ги известуваат родителите и ги повикуваат на консултации и советувања. Исто така со учениците со потешкотии во напредокот се реализираат советувања, консултации и се организира дополнителна настава.

Според добиените податоци од анализата на успехот се утврди дека учениците кои се оценуваат описно, генерално гледано имаат голем напредок, целосно ги постигнуваат целите и со успех ги совладуваат наставните содржини во сите предмети. Во учебната 2021/22 и 2022/23 сите ученици од прво одделение успешно се социјализирани и се прилагодени на наставата.

Редовноста на учениците е под постојан надрзор на наставниот и стручниот кадар во училитето. За секое отсуство од наставата се превземаат конкретни активности.

Во следење на напредок и постигања на учениците особено внимание се посветува на учениците со посебни образовни потреби, учениците кои подолго отсуствуваат од настава, надарените и учениците со потешкотии во учењето. Училишниот психолог континуирано реализира индивидуални и групни советувања на родители и ученици со несоодветно однесување, голем број изостаноци и намалување на училишниот успех. Училишниот дефектолог - специјален едукатор и рехабилитатор, ги детектира учениците со потешкотии и со посебни потреби, со

| |
|---|
| нив реализира индивидуални вежби, поддршка и дава допринос за постигнување на целите за секој ученик планирани со индивидуалниот ИОП и за прилагодување на наставата според потребите на учениците. Од учебната 2021/22 во нашето училиште имаме образовни асистенти кои им помагаат на децата со посебни потреби, асистентите имаат голем придонес за подобрување на знаењето и активностите на децата со посебни потреби и квалитетот на нивното едуцирање.<br>Стручната служба и наставниците, континуирано обезбедуваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот. |
| **Приоритети:**<br>1. Обезбедување на ИКТ за наставниците, СМАРТ табла и обука на наставниот кадар за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на наставата со различни ИКТ средства и активна настава. (овој приоритет е делумно реализиран, со воведување на Новата концепција за 1,2 и 4 и 5 одделение, со која беа обезбедени една СМАРТ табла, телевизори и принтери);<br>2.Предметна и одделенска настава има потреба од подобрување и обезбедување на СМАРТ табли, лцд проектори, телевизори, компјутери, кои ке послужат за квалитетна и континуирана настава на учениците од 1 до 9 одделение.<br>3. Потребна е кабинетска настава и снабдување на кабинетите со потребни надгледни средства, според Нормативите од 2019 година, донесени со новиот закон за основно образование, преку кои се придонесува за активна настава, критичко размислување на учениците, потикнување и развој на интелегенцијата кај учениците, бидејќи во учебната година 2021/22 година, не се одвива кабинетска настава. |

## ПРИЛОЗИ КОН ПОДРАЧЈЕ 2 - ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ:

### ТАБЕЛА БРОЈ 1 - БРОЈ НА УЧЕНИЦИ

| | Број на ученици 2021/22 | | | | Број на ученици 2022/22 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | машки | женски | вкупно | | машки | женски | вкупно |
| I | 12 | 16 | 28 | I | 15 | 12 | 27 |
| II | 18 | 15 | 33 | II | 12 | 16 | 28 |
| III | 12 | 11 | 23 | III | 18 | 16 | 34 |
| IV | 22 | 15 | 37 | IV | 11 | 10 | 21 |
| V | 12 | 21 | 33 | V | 15 | 16 | 31 |
| VI | 13 | 11 | 24 | VI | 23 | 15 | 38 |
| VII | 21 | 13 | 34 | VII | 13 | 20 | 33 |
| VIII | 19 | 19 | 38 | VIII | 12 | 11 | 23 |
| IX | 13 | 16 | 29 | IX | 19 | 12 | 31 |

## УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 табела број 2

| Одделение | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| IV | 25 | 7 | 3 | 2 | 4,48 |
| V | 25 | 3 | 2 | 3 | 4,51 |
| VI | 12 | 5 | 5 | 2 | 4,12 |
| VII | 16 | 8 | 3 | 7 | 3,97 |
| VIII | 21 | 9 | 5 | 3 | 4,26 |
| IX | 20 | 4 | / | 5 | 4,34 |
| I- IX | 119 | 36 | 18 | 22 | 4,29 |




## УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023

| Одделение | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| IV | 16 | 2 | / | 3 | 4,46 |
| V | 21 | 6 | 4 | / | 4,48 |
| VI | 30 | 5 | 3 | / | 4,58 |
| VII | 22 | 4 | 5 | 1 | 4,37 |
| VIII | 12 | 4 | 5 | 2 | 4,01 |
| IX | 17 | 6 | 6 | 2 | 4,17 |
| I- IX | 118 | 27 | 24 | 8 | 4,37 |



**ТАБЕЛА БРОЈ 3 СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ ПО ОДДЕЛЕНИЈА НА КРАЈОТ НА УЧЕБНИТЕ 2021/2022 И 2022/2023ГОДИНА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД I V ДО IX ОДД.**

| Одделение /Учебна година | 2021/22 | Одделение /Учебна година | 2022/23 |
|---|---|---|---|
| IV | 4,48 | IV | 4,46 |
| V | 4,51 | V | 4,48 |
| VI | 4,12 | VI | 4,58 |
| VII | 3,97 | VII | 4,37 |
| VIII | 4,26 | VIII | 4,01 |
| IX | 4,34 | IX | 4,17 |
| VI- IX | 4,28 | VII- IX | 4.37 |

**СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА ЗА СРЕДЕН УСПЕХ**

| ГОДИНА | СРЕДЕН УСПЕХ |
|---|---|
| 2021/2022 | 4,28 |
| 2022/2023 | 4,37 |

**ТАБЕЛА БРОЈ 4**
**СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ ПО ОДДЕЛЕНИЈА И ПОЛ НА КРАЈОТ НАУЧЕБНАТА 2021/2022 И 2022/2023 ГОДИНА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД IV ДО IX ОДД.**

| | Одлични-женски (%) | | | | Одлични –машки (%) | | | | Одлични –вкупно (%) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | 2021/2022 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2021/2022 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2021/2022 | Одд. | 2022/2023 |
| IV | 9 | IV | 8 | IV | 11 | IV | 8 | IV | 20 | IV | 16 |
| V | 12 | V | 11 | V | 14 | V | 10 | V | 26 | V | 21 |
| VI | 12 | VI | 16 | VI | 8 | VI | 14 | VI | 20 | VI | 30 |
| VII | 7 | VII | 14 | VII | 5 | VII | 8 | VII | 12 | VII | 22 |
| VIII | 6 | VIII | 7 | VIII | 6 | VIII | 5 | VIII | 12 | VIII | 12 |
| IX | 14 | IX | 6 | IX | 4 | IX | 11 | IX | 18 | IX | 17 |
| | Многу добри –женски (%) | | | | Многу добри –машки (%) | | | | Многу добри –вкупно (%) | | |
| Одд. | 2021/2022 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2021/2022 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2021/2022 | Одд. | 2022/2023 |
| IV | 3 | IV | / | IV | 1 | IV | 2 | IV | 4 | IV | 2 |
| V | 1 | V | 4 | V | 6 | V | 2 | V | 7 | V | 6 |
| VI | 3 | VI | 2 | VI | 3 | VI | 3 | VI | 6 | VI | 5 |
| VII | 2 | VII | 2 | VII | 2 | VII | 2 | VII | 4 | VII | 4 |
| VIII | 2 | VIII | 2 | VIII | 9 | VIII | 2 | VIII | 11 | VIII | 4 |
| IX | 1 | IX | 2 | IX | 10 | IX | 4 | IX | 11 | IX | 6 |
| | | Добри –женски (%) | | | Добри –машки (%) | | | | Добри-вкупно (%) | | |
| Одд. | 20212022 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2021/2022 | Одд. | 2022/2023 | Одд. | 2021/2022 | Одд. | 2022/2023 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV** | 2 | **IV** | / | **IV** | **3** | **IV** | / | **IV** | **5** | **IV** | **/** |
| **V** | **2** | **V** | **1** | **V** | **1** | **V** | **3** | **V** | **3** | **V** | **4** |
| **VI** | **/** | **VI** | **/** | **VI** | **6** | **VI** | **3** | **VI** | **6** | **VI** | **3** |
| **VII** | **2** | **VII** | **4** | **VII** | **5** | **VII** | **2** | **VII** | **7** | **VII** | **6** |
| **VIII** | **4** | **VIII** | / | **VIII** | **1** | **VIII** | **5** | **VIII** | **5** | **VIII** | **5** |
| **IX** | **3** | **IX** | **3** | **IX** | **3** | **IX** | **3** | **IX** | **6** | **IX** | **6** |
| | **Доволни –женски (%)** | | | | **Доволни –машки (%)** | | | | **Доволни –вкупно (%)** | | |
| **Одд.** | **20212022** | **Одд.** | **2022/2023** | **Одд.** | **2021/2022** | **Одд.** | **2022/2023** | **Одд.** | **2021/2022** | **Одд.** | **2022/2023** |
| **IV** | **/** | **IV** | **2** | **IV** | **/** | **IV** | 1 | **IV** | **/** | **IV** | 3 |
| **V** | / | **V** | **/** | **V** | **1** | **V** | **/** | **V** | **1** | **V** | **/** |
| **VI** | **/** | **VI** | **/** | **VI** | **2** | **VI** | **/** | **VI** | **2** | **VI** | **/** |
| **VII** | **1** | **VII** | **/** | **VII** | **/** | **VII** | **1** | **VII** | **1** | **VII** | **1** |
| **VIII** | **/** | **VIII** | **2** | **VIII** | **3** | **VIII** | **/** | **VIII** | **3** | **VIII** | **2** |
| **IX** | **/** | **IX** | **1** | **IX** | **2** | **IX** | **1** | **IX** | **2** | **IX** | **2** |

.

**ТАБЕЛА БРОЈ 5**
**СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА СРЕДНАТА ОЦЕНКА ПО ПРЕДМЕТИ НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2021/2022 И 2022/2023 ГОДИНА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД IV ДО IX ОДД.**

| Предмет | 2021/22 | 2022/23 | промена |
|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | **4.09** | **4,62** | **0,53** |
| **Англиски јазик** | **4,25** | **4,80** | **0,55** |
| **Француски јазик** | **3.53** | **4,51** | **0,98** |
| **Математика** | **4,02** | **4,48** | **0,46** |
| **Биологија** | **3,78** | **4,44** | **0,66** |
| **Хемија** | **3,78** | **4,35** | **0,57** |
| **Граѓанско образование** | **4,05** | **4,83** | **0,78** |
| **Техничко образование** | **4,39** | **4,85** | **0,46** |
| **Етика** | **4,33** | **4,73** | **0,40** |
| **Етика во религиите** | **4,88** | **4,75** | **-0,13** |
| **Физичко и здравствено образование** | **4,69** | **4,97** | **0,28** |
| **Природни науки** | **4,17** | **4,52** | **0,35** |
| **Историја** /Историја и општество | **4** | **4,44** | **0,44** |
| **Географија** | **4,18** | **4,39** | **0,21** |
| **Информатика** | 4,21 | **4,44** | **0,23** |
| **Физика** | **3,20** | **4,44** | **0,22** |
| **Музичко образование** | **4,74** | **5,00** | **0,26** |
| **Иновации** | **4,13** | **4,98** | **0,85** |
| **Ликовно образование** | **4,47** | **4,98** | **0,51** |
| **Вештини на живеење** | **4,71** | **4,88** | **0,17** |

## ТАБЕЛА БРОЈ 6

| | | Натпревари во 2021/22 | | | | Натпревари во 2022/23 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предмет | Ниво | Место/број на ученици | | | Ниво | Место/број на ученици | | |
| | | 1 место | 2 место | 3 место | | 1 место | 2 место | 3 место |
| Хемија | регионален | / | / | 2 | регионален | / | / | / |
| Хемија | Општинско | / | 1 | 2 | општинско | / | / | / |
| Биологија | државно | / | / | / | државно | / | / | / |
| Биологија | регионален | / | / | 3 | регионален | / | / | / |
| Биологија | општинско | / | 1 | 4 | општинско | / | 1 | / |
| Географија | државно | / | / | / | државно | / | / | / |
| Географија | регионален | / | / | / | регионален | / | / | 1 |
| Географија | општински | / | / | / | општински | / | 1 | / |
| Природни науки | регионален | / | / | / | регионален | / | / | 4 |
| Природни науки | општински | / | / | / | општински | / | 1 | 3 |
| Природни науки | државно | / | / | / | државно | / | / | / |
| Физика | регионален | / | / | / | општинско | / | / | / |
| Физика | општински | 1 | 1 | 3 | регионален | / | / | / |
| Физика | државно | / | / | / | државно | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Техничко образование** | **регионален** | **4** | / | / | **општинско** | / | / | / |
| **Техничко образование** | **државен** | / | / | **1** | **регионално** | **4** | / | / |
| **Техничко образование** | **Општински** | **4** | | | **државно** | **2** | / | **1** |
| **Техничко образование** | **Меѓународно** | | | | **Меѓународно** | / | / | **1** |
| **Математика** | **државен** | / | / | / | **државен** | **2** | / | / |
| **Математика** | **регионален** | / | / | / | **меѓународен** | 4 | 3 | **3** |
| **Математика** | **општинско** | / | / | / | **општинско** | **1/** | / | / |
| **Аглиски јазик** | **државен** | / | / | / | **државен** | / | / | / |
| **Аглиски јазик** | **регионален** | / | / | / | **регионален** | / | **1** | 1 |
| **Аглиски јазик** | **општинско** | / | / | / | **општинско** | **1** | **1** | / |
| **Информатика** | **Државено** | | | | **државен** | **1** | / | / |
| **ВКУПНО** | | **9** | **3** | **15** | **ВКУПНО** | **15** | **8** | **14** |

## ТАБЕЛА БРОЈ 7

**Споредбена анализа на отпишани и новозапишани ученици во текот на учебната година**

| | Број на ученици | отпишани | новозапишани |
|---|---|---|---|
| 2021/2022 | 277 | 3 | 4 |
| 2022/2023 | 273 | 9 | 8 |

# ТАБЕЛА БРОЈ 8

**Споредбена анализа по одделенија и број на изостаноци**

| | 2021/2022<br>Број на ученици- | | | 2022/2023<br>Број на ученици - | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одделение** | **Оправдани изостаноци** | **Неоправдани изостаноци** | **Вкупен број на изостаноци** | **Оправдани изостаноци** | **Неоправдани изостаноци** | **Вкупен број на изостаноци** |
| **Iа** | 76 | 0 | 76 | 138 | 0 | 138 |
| **Iб** | 160 | 0 | 160 | 273 | 0 | 273 |
| **IСопостско** | / | / | / | 0 | 0 | 0 |
| **I Избишта** | 0 | 0 | 0 | / | / | / |
| **IIа** | 239 | 0 | 239 | 154 | 0 | 154 |
| **IIб** | 114 | 0 | 114 | 301 | 0 | 301 |
| **IIИзбишта** | / | / | / | 0 | 0 | 0 |
| **IIIа** | 15 | 0 | 15 | 646 | 0 | 646 |
| **IIIб** | 122 | 0 | 122 | 111 | 0 | 111 |
| **III Сопотско** | 0 | 0 | 0 | / | / | / |
| **IVа** | 156 | 0 | 156 | 0 | 0 | 0 |
| **IVб** | 234 | 0 | 234 | 0 | 0 | 0 |
| **IVСопотско** | **0** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V а** | 191 | 0 | 191 | 156 | 0 | 156 |
| **Vб** | 649 | 0 | 649 | 20 | 0 | 20 |
| **VСопотско** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **VIа** | 540 | 3 | 543 | 75 | 0 | 75 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **VIб** | 293 | 0 | 293 | 138 | 0 | 138 |
| **VIв** | / | / | / | 145 | 4 | 149 |
| **VIIa** | 301 | 2 | 303 | 280 | 9 | 289 |
| **VIIб** | 469 | 11 | 480 | 62 | 0 | 62 |
| **VIIIa** | 251 | 3 | 254 | 271 | 7 | 278 |
| **VIIIб** | 135 | 79 | 214 | 298 | 55 | 353 |
| **IXa** | 121 | 4 | 125 | 125 | 17 | 142 |
| **IXб** | 93 | 19 | 112 | 708 | 32 | 740 |
| **I-IX** | 4159 | 121 | 4280 | **3901** | 124 | **4025** |

## ТАБЕЛА БРОЈ 9

**Споредбена анализа по пол на учениците од I-III и од IV-IX**

| | **2021/2022** | | | | | | | | | | | | **2022/2023** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-III** | **Учениците се оценуваат описно** | | | | | | | | | | | | **Учениците се оценуваат описно** | | | | | | | | | | | |
| | ***Одлични*** | | ***Многу добри*** | | ***Добри*** | | ***Доволни*** | | ***Со недоволни*** | | ***Неоценети*** | | ***Одлични*** | | ***Многу добри*** | | ***Добри*** | | ***Доволни*** | | ***Со недоволни*** | | ***Неоценети*** | |
| **пол** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** |
| | **43** | **57** | **31** | **10** | **12** | **20** | **8** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **56** | **62** | **15** | **12** | **16** | **8** | **3** | **5** | **/** | **/** | **/** | **/** |

**ТИМ за подрачјето Постигања на учениците**

**Весна Здравеска, Александра Недановска, Ангелина Лабачевска,**
**Оливера Парталоска, Димитар Тасевски, Владимир Лабачевски (родител)**

**Самоевалуација на училиштето:**
**ООУ Гоце Делчев – Ресен** **Подрачје 3: Учење и настава**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми |
|---|---|---|
| 3.1 | **Планирање на наставниците** | • Индивидуални планирања на наставниците<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми<br>• Распоред на часови |
| 3.2 | **Искуства на учениците од учењето** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција меѓу учениците |
| 3.3 | **Задоволување на потребите на учениците од наставата** | • Идентификација на образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик<br>• Процес на поучување со различни методи и техники со цел да им се даде можност на учениците со различни стилови на учење да го постигнат својот максимум |
| 3.4 | **Оценување како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| 3.5 | **Известување за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |

<table>
<tr><td colspan="2">3.1. ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ<br>Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Педагошка служба<br>Наставници<br>Наставни планови и програми од БРО и МОН за реализација на наставата<br>Годишни, тематски планови за реализација на наставата и оперативни планови за час, програми за дополнителна и додатна настава во дигитална и печатена форма<br>Интегрирано планирање на содржини од еко - стандардите<br>Извештај од БРО и МОН Годишна програма на училиштето</td><td>Индивидуални планирања на наставниците<br>За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат :<br>• Годишен глобален план;<br>• Тематски планирања за секоја тема;<br>• Оперативни планови за час;<br>• Програми за дополнителна и додатна настава;<br>• Планирање на практична настава на стручните активи.<br>Планирањата на наставниците содржат:<br>• цели на учењето;<br>• активности на часовите-интерактивни форми и методи;<br>• очекувани резултати од учењето;<br>• избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа;<br>• проверка на постигањата на учениците , констатации / евалуација на реализиран час<br>• дел од наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.<br>Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини од програмата ″Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем″. Избраните еко – содржини т.е. точки на акција од еко-стандардите се во голем број и се доста добро поврзани со предметите и содржините кои одговараат со возраста на учениците и овозможуваат соодветно поврзување на предметите, истражување, анализирање, изнаоѓање на решенија со комбинирање на идеи и сл., со што се допринесува преку нив да се поттикнат мисловните активности и да се развие еколошката свест кај учениците. Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО.</td></tr>
<tr><td>Директор/Стручна служба<br>Годишна програма на училиштето;<br>Годишна програма за работа на директор;</td><td>Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа:</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Годишна програма за работа на социолог и психолог;<br>Пропишана интерна процедура за следење на планирањата на наставниците;<br>Електронски дневници;<br>Програми за работа на менторите;<br>Месечни и годишни извештаи за работата на менторот со менторираниот наставник. | • годишните и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат во стручната служба во печатена форма;<br>• оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот, стручната служба и државниот просветен инспекторат;<br>• увид во електронски дневник;<br>• посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови (цели на часот, активности, примена на интерактифни форми и методи, очекувани исходи од учењето, проверка на постигањата на учениците, констатации / евалуација на реализиран час);<br>• консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување на наставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ во наставата;<br>• воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на социолог и психолог;<br>• воведување во работата на наставниците - почетници од страна на менторите при што се дава целосна помош и поддршка при планирањата и реализацијата на наставните содржини како и во сите други сегменти од работата на наставниците-почетници. |
| Програми за работа на секој стручен актив за учебната година;<br>Извештаи од состаноци на струшните активи;<br>Годишен извештај за работата на стручните активи;<br>Обуки на наставниците од страна на БРО и Државен испитен центар; | **Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми**<br>Искуства и информации при планирањето наставниците разменуваат на ниво на:<br>Стручниот актив<br>○ размена на искуства за реализација на наставната програма;<br>○ размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ во наставата;<br>○ реализација на отворени часови;<br>○ размена на искуства и консултации за програмите за работа со ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;<br>○ размена на искуства и консултации за програмите за работа со надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари; |

| | |
|---|---|
| | Колеги од други училишта<br>○ размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ во наставата;<br>○ размена на искуства за програмите за работа со надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари; |
| Наставни планови и програми од БРО и МОН за реализација на наставата. | **Распоред на часови**<br>Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето. Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови и тој се реализира според предвидената динамика. |

| **Собирање податоци**<br>**Кои други методи се користени за собирање податоци? (прашалници, анкети, набљудувања, интервјуа)** | | |
|---|---|---|
| **Методи кои се користени за собирање податоци** | **Кој беше вклучен во собирање на овие податоци?** | **Кои информации се собрани?** |
| **РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ НАСТАВНИЦИ** | | |
| Анкетен лист за наставници<br>Беа анкетирани вкупно 12 наставници | Весна Тозиевска<br>Билјана Карапалевска<br>Крсте Мешуревски<br>Марина Стерјовска<br>Оливер Ромевски<br>Весна Тозиевска-родител | 1 . Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи<br>На прашањето во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи 100% од наставниците одговориле позитивно.<br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани наставници значи дека се во ред пропишаните приоди и процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
2. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците<br><br>
83% од наставнивите се согласуваат дека училиштето им обезбедува поддршка за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата, а 17% делумно се согласуваат.<br><br>

<br><br>
Според добиените резултати според анкетирани наставници значи дека е во ред поддршката на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците.
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 3. Училиштето остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции и обезбедува поддршка за изработка на ИОП<br><br>58% сметаат дека училиштето остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции и обезбедува поддршка за изработка на ИОП, додека 42% делумно се согласуваат.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани наставници значи дека е во ред соработката со ресурсните центри кои обезбедуваат поддршка за изработка на ИОП. |

4. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба

67% од наставниците целосно се согласуваат дека најмалку двапати во едно полугодие се следат нивните планирања од директорот или од стручната служба, а 25% делумно се согласуваат, а 8% не се согласуваат.




Според добиените резултати според анкетирани наставници значи дека во училиштето добро се следат планирањата на наставниците.

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности<br><br>На прашањето дали сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности, 92% од наставниците одговориле позитивно и ги навеле годишните, тематските планови, оперативните планови за час и програмата за работа на активи, 8% делумно се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани наставници значи дека е во ред планирањето на редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето<br><br>83% целосно се согласуваат дека целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето, 17% делумно се согласуваат.<br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани наставници значи дека е во утврдувањето на целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 7. Активностите на наставниците и на учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати<br><br>92% целосно се согласуваат дека активностите на наставниците и учениците се планирани ефективно да се користи времето на часот за постигање на очекуваните резултати, 8% делумно се согласуваат.<br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани наставници значи дека е во ред ефективното искористување на времето на часот што ќе придонесе кон постигнивање на очекуваните резултати. |

8. Наставниците планираат во рамки на стручните активи, користат дигитални содржини, преку регионална соработка со други училишта, консултираат експерти, користат меѓународни искуства и др.

58% од наставниците планираат во рамките на стручните активи, користат дигитални содржини, преку соработка со други училишта, консултираат експерти, користат меѓународни искуства, 33% делумно, 8% не се согласуваат.




Според прикажаните резултати според анкетирани наставници значи дека треба е во ред планирањето во рамките на стручните активи.

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>

9. Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето

58% целосно се согласуваат дека распоредот е изработен согласно наставниот план и во најдобар интерес на детето, 42% делумно се согласуваат.




Според прикажаните резултати според анкетирани наставници значи дека е во ред изработкат на распоредот на часови.

</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 10. Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови/проектни активности и тој се реализира според предвидената динамика<br><br>92% целосно се согласуваат дека училиштето навреме изработува распоред за дополнителна, додатна настава и слободни часови/проектни активности и тој се реализира по предвидената динамика, 8% делумно се согласуваат.<br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани наставници значи дека е во ред изработката на распоредите за додатна и дополнителна настава, како и за слободни активности односно проектни активности. |

## 3.2. ИСКУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД УЧЕЊЕТО

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи**

| Извори на податоци | Кои информации се собрани? |
| --- | --- |
| Анкета за учениците;<br>Записници од разговорите со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>Увид во ученичките досиеја;<br>Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>Програма за работа и извештаите на ученичката заедница;<br>Увид на заедничкиот училиштен простор. | **Средина за учење**<br>Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него недоволно го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија.Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во училиштето), почитувајќи ги естетските норми. Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.<br>**Атмосфера за учење**<br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието, и е применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часот најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.<br>**Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците иницираат активности и преземаат различни одговорности во училиштето (во и надвор од наставата).<br>**Интеракција меѓу учениците**<br>Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето. |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци<br>Кои други методи се користени за собирање податоци? (прашалници, анкети, набљудувања, интервјуа)</td></tr>
<tr><td>Методи кои се користени за собирање податоци</td><td>Кој беше вклучен во собирање на овие податоци?</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td colspan="3">РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ УЧЕНИЦИ</td></tr>
<tr><td>Анкетен лист за ученици<br>Беа анкетирани вкупно 15 ученици</td><td>Весна Тозиевска<br>Билјана Карапалевска<br>Крсте Мешуревски<br>Марина Стерјовска<br>Оливер Ромевски<br>Весна Тозиевска-родител</td><td>1 . Училницата ја доживуваш како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење<br>На прашањето Училницата ја доживуваш како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење 73% од учениците се изјаснале позитивно, а 27 % делумно се согласуваат.<br>
<br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека дека е во ред изгледот на училниците.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. Во училиштето често се забележува пишан материјал со мултиетнички карактер<br><br>За тоа дали во училиштето често се забележува пишан материјал со мултиетнички карактер, 40% се согласуваат, 33% делумно и 27% не се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека има проблем со пишан материјал со мултиетнички карактер и треба да се обрне внимание на овој проблем. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3. Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето<br><br>93% од учениците сметаат дека изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето, а не се согласуваат 7%.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред изложувањето на изработените трудови од страна на учениците на видно и соодветно место во училница или во училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. Во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот<br><br>80% од испитаниците мислат дека во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот, 20% делумно.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат<br><br>87% според анкетирани ученици се сложуваат дека најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, 13% делумно.<br><br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред работата на наставниците за да учениците самостојно да размислуваат и да поставуваат прашања и а изведуваат заклучоци за она што се учи. |

6. При решавањето на проблеми и одлучување секогаш наставникот го зема во предвид мислењето на учениците

На прашањето дали при решавањето на проблеми и одлучување секогаш наставникот го зема во предвид мислењето на учениците, 47% сметаат дека е така, 40% делумно се согласуваат, а 13% не се согласуваат.

.




Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека дека треба да се обрне внимание околу земањето во предвид мислењето на учениците при решавањето на проблеми и при одлучување.

| | | |
|---|---|---|
| | | 7. Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето<br><br>53% се согласуваат дека учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето, 40% делумно се согласуваат, а 7% не се согласуваат.<br><br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека дека е во ред заедничката работа на учениците и наставниците на различни проекти во и надвор од училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 8. Голем дел од активностите во училиштето ги сметаш за интересни и пријатни.<br><br>80% од анкетираните ученици мислат дека голем дел од активностите во училиштето ги сметаат за интересни и пријатни, а 20% делумно се согласуваат<br><br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека треба да е во ред изборот на активности кои се интересни и пријатни. |

## 3.3. ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи**

| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| Наставни програми<br>Листи од изборни предмети<br>Програми за дополнителна настава<br>Програми за додатна настава<br>Дневник (часови за одржана дополнителна и додатна настава) | **Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности :**<br>• реализација на целите предвидени во наставните програми (начинот на кој учениците го совладуваат материјалот, стилови на учење на учениците, потешкотии при совладувањето на материјалот, посебен интерес за материјалот кој се изучува)<br>• реализација на анкети и прашалници со понудени листи од изборни предмети. |
| Наставни програми<br>Листи од изборни предмети<br>Програми за дополнителна настава<br>Програми за додатна настава | **Наставниците во процесот на поучување користат различни методи и техники со цел да им се даде можност на учениците со различни стилови на учење да го постигнат својот максимум.**<br>• реализација на дополнителна настава за учениците со потешкотии при усвојувањето на материјалот или со направени пропусти<br>• толерантен однос кон ученици со потешкотии во комуникацијата<br>• реализација на додатна настава за надарени ученици<br>• мотивирање и охрабрување на учениците за учество на натпревари<br>• реализација на анкети и прашалници со понудени листи од изборни предмети |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци<br>Кои други методи се користени за собирање податоци? (прашалници, анкети, набљудувања, интервјуа)</td></tr>
<tr><td>Методи кои се користени за собирање податоци</td><td>Кој беше вклучен во собирање на овие податоци?</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td colspan="3">РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ УЧЕНИЦИ</td></tr>
<tr><td>Анкетен лист за ученици<br>Беа анкетирани вкупно 14 ученици</td><td>Весна Тозиевска<br>Билјана Карапалевска<br>Крсте Мешуревски<br>Марина Стерјовска<br>Оливер Ромевски<br>Весна Тозиевска-родител</td><td>1 . Доколку наставникот забележи пречки во учењето навремено превзема мерки за нивно отстранување<br><br>86% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 14% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред грижата на наставникот и преземањето на мерки за отстранување на пречки во учењето.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. Наставниците имаат посебен начин на работа доколку некој ученик имаат посебни потреби или потешкотии во учењето<br><br>64% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 36% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред работата на наставниците доколку некој ученик има потешкотии и посебни потреби во учењето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3. Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот наставникот ги советува редовно да посетуваат дополнителна настава<br><br>93% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 7% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред односот на наставниците кои согледуваат кои ученици имаат потреба од дополнителна настава и ги советуваат учениците редовно да ја посетуваат таа настава. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. Наставниците на многу интерсни начини ти го пренесуваат знаењето<br><br>79% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 14% дека се согласуваат делумно, а 7% дека не се согласуваат.<br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред пренесувањето на знаењето од страна на наставниците на интересни начини. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5. Талентираните и надарените ученици редовно посетуваат додатна настава и учествуваат на натпревари<br><br>64% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 22% дека се согласуваат делумно, а 14% дека не се согласуваат.<br><br><br><br>Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека треба да се обрне внимание на талентираните и надарените ученици, односно на нивното посетување на додатна настава и учество на натпревари. |

6. Наставниците редовно ги поттикнуваат талентираните и надарените ученици да користат дополнителна литература

72% од анкетираните ученици одговориле дека се согласуваат, 21% дека се согласуваат делумно, а 7% дека не се согласуваат.




Според прикажаните резултати според анкетирани ученици значи дека е во ред подршката на наставниците за талентираните и надарени ученици да користат дополнителна литература.

## 3.4. ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВАТА

**Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). (i) Обработка на документи**

| **Извори на податоци** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|
| Записници од наставнички совет ;<br>Записници од состаноците на стручните активи (усогласување на критериумите на оценување);<br>Критериуми и стандарди за оценување дефинирани на веб страната на БРО;<br>Увид во педагошката евиденција и документација,дневници;<br>Записници од состаноци на училишната заедница.<br>Увид на тестовите и писмените работи од страна на Директор и педагошко-психолошката служба<br>Статистики за постигнатиот успех и поведение на крајот од првото полугодие и на учебната година; | **Училишна политика за оценување**<br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на училиштето.<br>Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година;<br>Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех;<br>Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето на квантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на веб страната на БРО.<br><br>**Методи и форми на оценување**<br>Наставниците користат различни форми и методи за оценување со цел учениците да го постигнат својот максимум: усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа), домашни работи, изработка на проекти, активност и ангажираност во текот на часот.<br><br>**Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за:<br>• Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата<br>• Дефинирање на идни активности што ќе ги применуваат при реализација на наставата<br>• Разгледување на приодите на оценување на квантумот знаења на учениците. |

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање податоци<br>Кои други методи се користени за собирање податоци? (прашалници, анкети, набљудувања, интервјуа)</td></tr>
<tr><td>Методи кои се користени за собирање податоци</td><td>Кој беше вклучен во собирање на овие податоци?</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td colspan="3">РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАНИ НАСТАВНИЦИ</td></tr>
<tr><td>Анкетен лист за наставници<br>Беа анкетирани вкупно 12 наставници</td><td>Весна Тозиевска<br>Билјана Карапалевска<br>Крсте Мешуревски<br>Марина Стерјовска<br>Оливер Ромевски<br>Весна Тозиевска-родител</td><td>1 . Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување<br><br>75% од анкетираните наставници одговориле дека се согласуваат, 25% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани наставници значи дека дека е во ред дефинираната политика за оценувањето на учениците.</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците<br><br>92% од анкетираните наставници одговориле дека се согласуваат, 8% дека се согласуваат делумно.<br><br><br><br><br>Според добиените резултати според анкетирани наставници значи дека е во ред користењето на разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано следење на напредокот на учениците. |